# СИРОМАШТИЈАТА И НЕЕДНАКВОСТА
# ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

ЕАПН Објаснувач #1

2009

# Содржина

ВОВЕД ..... 3

СИРОМАШТИЈА ..... 4

КЛУЧНИ ФАКТИ И ТРЕНДОВИ ..... 12

НЕЕДНАКВОСТ ..... 14

ПРИЧИНИ ЗА СИРОМАШТИЈА И НЕЕДНАКВОСТ ..... 15

КЛУЧНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ ..... 17

# ВОВЕД

### Зошто е потребен објаснувач за сиромаштијата и нееднаквоста?

И покрај целокупното богатство на Европската унија (ЕУ), сиромаштијата во ЕУ сè уште се наоѓа на релативно високо ниво. Приближно едно од седум лица се наоѓаат во опасност од сиромаштија. Бројките се дури и повисоки за одредени групи на луѓе како што се децата и старите лица. И покрај тоа, степенот и сериозноста на проблемот честопати не е добро разбран ниту од креаторите на политики ниту од општата јавност. Како последица на тоа, не се прави доволно за нејзино искоренување. Тоа најчесто е така, бидејќи луѓето ја гледаат сиромаштијата како нешто екстремно што се заканува на самата егзистенција на луѓето и како таква воглавно ја поврзуваат со „земјите во развој". Сепак, реалноста е дека сиромаштијата во ЕУ претставува навистина голем проблем што создава страдање и беда во животите на многу луѓе. Таа претставува директен напад на фундаменталните права на луѓето, ги ограничува можностите кои тие ги имаат за искористување на нивниот целосен потенцијал, создава високи трошоци за општеството и го спречува одржливиот економски развој. Сиромаштијата исто така е одраз на пропустите на системите за прераспределба на ресурсите и можностите на праведен и еднаков начин. Тие водат кон големи нееднаквости и до создавање на разлики на преголемо богатство, концентрирано во сопственост на неколку лица, додека други се присилени да живеат ограничени и маргинализирани животи и покрај тоа што живеат во богата економска област. Прашањето за сиромаштијата во ЕУ е честопати тесно поврзано со **„социјалната исклученост".**

Терминот социјална исклученост се користи за да се истакне процесот што ги води луѓето на работ на општеството, што го ограничува нивниот пристап до ресурси и можности, го намалува нивното учество во нормалниот општествен и културен живот, создавајќи им чувство на маргинализираност, беспомошност и дискриминираност. Друг општ термин кој се однесува на сиромаштијата е **„ранливоста"**. Луѓето се наоѓаат во ранлива состојба кога нивната лична добросостојба е ставена во опасност бидејќи тие немаат доволно ресурси, се изложени на опасност од запаѓање во долгови, страдаат од лоша здравствена состојба, чувствуваат недостатоци во образованието и живеат во несоодветни домаќинства и животна средина. Овие концепти се битно поврзани меѓу себе. Сепак, не сите луѓе кои се социјално исклучени или ранливи се сиромашни и Европската мрежа за борба против сиромаштијата (ЕАПН) во овој објаснувач ќе се фокусира на специфичната димензија на **сиромаштијата.**

### Што ќе ви прикаже овој објаснувач?

Овој објаснувач има за цел да даде едноставен **вовед** во врска со прашањето сиромаштија. Тој првенствено се фокусира на актуелните перспективи за **природата** и **степенот** на сиромаштијата, нејзините **причини** и нејзината **поврзаност со нееднаквоста.** Објаснувачот објаснува на кој начин се разбира и мери сиромаштијата во

ЕУ и истакнува некои од слабостите на овие пристапи. Овој објаснувач е првата алатка од сетот алатки за сиромаштија на Европската мрежа за борба против сиромаштија што ќе има за цел да ја направи сиромаштијата повидлива, разбрана и поле на кое треба да се делува: како дел од кампањата за јакнење во 2010 година на Европската мрежа за борба против сиромаштија: Европската година за борба против сиромаштија.

# СИРОМАШТИЈА

## Што претставува сиромаштијата

Едно од прашањата кои расправаат за сиромаштијата, објаснува што таа значи и како може да се дефинира. Со актуелната дебата на ниво на ЕУ, сиромаштијата генерално е поделена на два вида, апсолутна или екстремна сиромаштија и релативна сиромаштија.

### *Апсолутна и релативна сиромаштија*

***Апсолутна или екстремна сиромаштија*** е состојба кога луѓето имаат недостиг од основните потреби за преживување. На пример, недостиг од храна, чиста вода, соодветно живеалиште, недостиг од доволно облека или лекови и борба за опстанок. Овој тип на сиромаштија е најчест за земјите во развој, но некои луѓе во Европската унија (ЕУ), на пример бездомните луѓе или ромите во некои населби, сè уште се соочуваат со овој тип на екстремна сиромаштија. Обединетите Нации се обидуваат да ги фокусираат своите напори кон елиминирање на апсолутната или екстремна сиромаштија.

Првата цел на Милениумските развојни цели на Обединетите Нации е *искоренување на екстремната сиромаштија и гладот.* Тоа подразбира *преполовување на бројот на луѓе кои живеат со помалку од еден долар на ден.* Сепак, кога се зборува за сиромаштија во земјите членки на ЕУ, генерално се мисли на релативната сиромаштија.

***Релативна сиромаштија*** е состојба во која начинот на живеење и примањата на некои луѓе се многу полоши отколку општите животни стандарди во земјата или регионот во кои тие живеат, до тој степен што тие напорно се борат за да можат да живеат нормален живот и да учествуваат во редовните економски, општествени и културни активности. Тоа варира од земја до земја, зависно од животниот стандард што го ужива мнозинството. Иако не толку екстремна како апсолутната сиромаштија, релативната сиромаштија е сепак многу сериозна и опасна. Процесот на ЕУ за социјална инклузија користи дефиниција за релативна сиромаштија (в. Рамка бр. 1).

Рамка бр. 1

## ШТО Е РЕЛАТИВНА СИРОМАШТИЈА?

*Се смета дека луѓето живеат во сиромаштија доколку нивните примања и ресурси се толку несоодветни што ги спречува да имаат животен стандард кој се смета за прифатлив во општеството во кое тие живеат.*
*Поради сиромаштијата, тие се соочуваат со повеќекратни обесправувања, преку невработеноста, ниските примања, лошо станбено прашање, несоодветна здравствена нега и бариери за доживотно учење, култура, спорт и рекреација. Тие се честопати исклучени и маргинализирани од учество во економски, општествени и културни активности што претставуваат вообичаеност за други луѓе и со тоа нивниот пристап до основни права е ограничен.*

*Европска Комисија, Заеднички извештај за социјална инклузија 2004*

## *Реалноста на сиромаштијата*

Овие „официјални“ дефиниции, сепак честопати не прават многу за да се фати реалноста на денешната борба за преживување во сиромаштија. За реалноста подобро да се разбере, важно е самите луѓе кои се соочуваат со сиромаштија да се прашаат што таа значи и директно да се вклучат во идентификацијата и носењето на решенија. Европската мрежа за борба против сиромаштија е обврзана и гарантира дека, при опишувањето и дефинирањето на сиромаштијата, ќе бидат слушнати гласовите на оние кои со неа се соочуваат (в. Рамка 2), и ќе го промовира нивното активно учество во развојот, имплементацијата и мониторингот на политиките и програмите за искоренување на сиромаштијата.

Рамка бр.2

## ШТО ЗНАЧИ СИРОМАШТИЈАТА?
## ШТО МИСЛАТ ЛУЃЕТО КОИ ЖИВЕАТ ВО СИРОМАШТИЈА?

### *Изолација*

*„Ги изгубив пријателите бидејќи не можев да учествувам во нивните активности; дури и за учество во групите за само-помош, потребни се пари и време; Јас немам ниту пари ниту време за да учествувам во дискусиите“*

*„Не можам да си дозволам дневен весник; книги, особено научната литература е прескапа“.*

### *Недостиг од основни потреби*

*„Можам да си дозволам само евтина храна; овошјето и зеленчук за прехранување на децата се прескапи; риба не можам да си дозволам; „здравата храна“ е прескапа за мене“*

*“Проблемот не е дека повремено немаме пари. Вистинскиот проблем е дека целиот наш живот живееме на овој начин и нашите деца растат со тоа“*

*„Во Шпанија становите за туристите се празни во текот на мирните периоди. Од друга страна, има премногу бездомници кои немаат покрив над глава. Како може да им ги објасниме овие неправди на нашите деца?*

*„Не можам да го поправам мојот расипан телевизор“*

## *Бирократија и недостиг од информации*

*„Системот е премногу комплициран, не знам што од каде да добијам“*

*„Спиев во хартиени кутии. Имав избор да умрам на улица или да го земам животот во мои раце. Ги посетив социјалните служби со молба да ми помогнат да најдам куќа. Се соочив со огромна бирократија. Морав неколку пати да ја раскажам мојата приказна, одново секој пат и поминаа години пред да ја добијам куќата“.*

*„Секогаш кога го раскажувам мојот живот на државните службеници, добивам многу сожалување, но правилата го ограничуваат добивањето на материјална помош“.*

## *Недостаток на пристојна работа*

*„Немам работа и домаќинство. Како да го креирам мојот живот кога немам работа?“*
*„Мора да ви признаам дека работам нелегално и тоа не е заради тоа што мислам дека тоа е добро. Потполно сум свесен за последиците, но тоа единствениот начин да добијам работа.“*

## *Недостиг од почит и надеж*

*„Начинот на кој луѓето те гледаат е понижувачки. Не те сметаат како човечко суштество“*

*„Понекогаш имаш чувство дека животните се подобро заштитени бидејќи доколку удриш куче ќе бидеш осуден а можеби и ставен во затвор, додека доколку удриш некого, не секогаш сум сигурен дека ќе бидеш казнет за тоа... Моето чувство е дека кучињата се почитуваат повеќе и дека се третираат подобро отколку Циганите“*

*„Не гледам никаков напредок со години. Немам никаква иднина„.*

*„По малку, се чувствувам како Дон Кихот. Се борам против ветерници овде и онде и нема повеќе вистинска надеж“.*

## *Страв за сопствените деца*

*„За мене е невозможно дома да поканам пријатели на моите деца, бидејќи мојот дом е многу мал. Така ниту моите деца повеќе не ги канат никаде. Поради тоа и тие се исклучени. Мораме да водиме таен живот.“*

*„Моите деца не можат да учествуваат во училишните одмори за скијање или да престојуваат една недела во странство за изучување на јазик. Обуки за доживотно учење не можеме да си дозволиме. Не можам да си дозволам културни активности".*

*„Моите деца ќе ја наследат мојата сиромаштија."*

** Гласови на луѓе кои учествуваа на петтиот Европски состанок на луѓе кои се соочуваат со сиромаштија, организиран под покровителство на Австриското претседателство со ЕУ во 2006 година.*

## *Секојдневната борба*

Ова значи дека реалноста за сиромаштијата во ЕУ е многу повеќе од секојдневна борба за живот и преживување што може негативно да влијае на вашето здравје и психолошка состојба и создава притисок на вашите лични односи.

## *Живеење во сиромаштија може да значи:*

- *изолирање од семејството и пријателите;*
- *немање надеж и чувствување беспомошност и исклученост со слаба контрола врз одлуките кои влијаат во вашиот секојдневен живот;*
- *немање на информации за поддршките и услугите кои се достапни за вас;*
- *соочување со проблеми при исполнување на вашите основни потреби и пристап кон пристојно домаќинство, здравствени услуги и училишта како и можности за доживотно учење;*
- *живеење во небезбедно соседство со високи нивоа на криминал и насилство и лоши животни услови или во далечна и изолирана рурална област;*
- *живеење без најосновните потреби, бидејќи не можете да си дозволите основни средства за живот како што се вода, топлина и струја или да купите здрава храна или нова облека или да користете јавен транспорт;*
- *неможност да си дозволите да купите лекови или да посетите стоматолог;*

  *живеење од ден во ден без заштеди или резерви за кризни времиња како што е губење на работа или во случај на болест и поради тоа запаѓање во долгови;*
- *да бидете експлоатирани или присилени да се најдете во нелегални ситуации;*
- *соочување со расизам и дискриминација;*
- *неможност да учествувате во нормалниот и рекреативниот живот како што е одење во барови или кина, спортски настани, посетување на пријатели или пак купување на роденденски подароци за членовите на семејството[1].*

[1]/За добивање на поцелосна слика за реалноста на сиромаштијата, погледнете го „Извештајот од годишните Европски состаноци на луѓе кои се соочуваат со сиромаштија„, на интернет страната на Европската мрежа за борба против сиромаштија www.eapn.eu

Општо кажано, реалноста за сиромаштијата во ЕУ е дека таа влијае врз многу аспекти од животите на луѓето и го ограничува нивниот пристап до нивните фундаментални права. Засегнатите луѓе често се соочуваат со голем број на различни обесправувања кои зајакнати меѓу себе ги водат луѓето во сиромаштија. Сиромаштијата ги ограничува можностите на луѓето да го достигнат нивниот целосен потенцијал. На пример, децата кои растат во сиромаштија имаат поголема веројатност да страдаат од болести, да не се ангажираат доволно на училиште и да станат следната генерација на возрасни кои се наоѓаат на ризик од невработеност и долгорочна сиромаштија

Рамка бр. 3

## НЕКОИ КЛУЧНИ ПРАШАЊА

*Зошто ЕУ помалку се фокусира на Апсолутната сиромаштија?*

*Апсолутната сиромаштија често се гледа како помал проблем за земјите-членки на ЕУ за разлика од земјите во развој. Постојат две главни причини за ова.*

*Најпрво, предизвикот во ЕУ е да се труди и гарантира дека целото население има удел во придобивките од високиот просек на напредок а не само во постигнувањето на основните животни стандарди, како што е често цел во помалку развиените земји од светот. Сепак, ова очигледно не ја зема предвид реалноста на екстремните нивоа на сиромаштија што ги засега посебните групи од населението во некои нови земји-членки, на пр. Ромите.*

*Како второ, она што се смета како минимум прифатливи животни стандарди, многу зависи од општото ниво на социјален и економски развој. Постои ризик дека минимум стандардот за живот потребен за преживување поставен во една побогата земја, не би бил доволен за да им овозможи на луѓето да учествуваат во нормални општествени, рекреативни и културни активности. Ова е спротивно на принципите за еднаквост и општествена солидарност.*

*Проблемот со споредување на нивоата на релативната сиромаштија.*

*Споредувањето на нивоата на релативната сиромаштија помеѓу различните земји не ги зема доволно предвид разликите во животните стандарди. Во реалноста, тоа повеќе претставува мерка на нееднаквост. На пример, лице кое е релативно сиромашно во богата земја вообичаено помалку се соочува со материјален недостаток отколку некој кој живее во земја со ниски општи животни стандарди. Во овие земји, сиромаштијата може да биде поекстремна, има поголема веројатност да постои недостаток од основните потреби и преживувањето може да биде повеќе од борба, но бидејќи општите животни стандарди се пониски во овие земји, може да постои помала релативна сиромаштија, т.е. помала разлика помеѓу „сиромашните“ и животните стандарди на кој било друг. Ова може да доведе до недоразбирање околу степенот на сиромаштијата и се ризикува да се занемари сериозноста на сиромаштијата од која страдаат одредени групи на луѓе, особено во некои нови земји-членки на ЕУ. Секако, најлошата ситуација е да се најдат во оние ЕУ земји кои имаат и ниски општи животни стандарди и високо ниво на релативна сиромаштија. Со цел да се земе предвид различната економска состојба во различните земји-членки, кога ЕУ листата на заеднички усогласени показатели за социјална инклузија беше прифатена од страна на Европскиот совет во Лаекен 2001 година., беше истакнато дека вредноста на прагот на опасност од сиромаштија треба секогаш да го придружува показателот на оние кои се во опасност од сиромаштија, што во монетарна смисла значи – куповна моќ во евра.*

# Како се мери сиромаштијата

## *Живеење под линијата на сиромаштија*

Во рамките на ЕУ, сиромаштијата најчесто се мери со користење на **приходот за одредување на линиите на релативната сиромаштија.** Ова вклучува разработка на просечни или медијални изедначени[2] приходи на домаќинство во одредена земја[3]. Потоа се одредува линија на сиромаштија која претставува процент од тој просечен приход.
Најчесто овие линии на сиромаштија се од 40-70% од приходот на домаќинствата. Ова дава една општа слика за стапката на ризикот од сиромаштија, но бројот исто така може да се подели по возраст, род, вид на домаќинство и статус на вработеност за да се добие подетална слика за тоа кој е изложен на најголем ризик. Ова значи дека може да се испита посебната состојба на специфични групи како што се деца, стари лица или невработени. Во ЕУ луѓето кои се наоѓаат под 60% од медијалниот приход се смета дека се наоѓаат **„на ризик од сиромаштија“.**

Еден од недостатоците на користење на приходот за одредување на линијата на релативната сиромаштија е тоа што избирањето на точката на пресек е прилично произволен процес. Тоа ни кажува колкав процент на луѓе се сиромашни но не доволно ги зема предвид останатите фактори кои влијаат на состојбите на луѓето, како на пример колку далеку се луѓето од прагот на сиромаштијата или колку долго се сиромашни.

---

[2]/Приходот на едно домаќинство се „изедначува“ со цел да се земат предвид различните потреби на домаќинствата со различна големина и состав за подобро да се прикажат животните стандарди на домаќинствата. Така, изедначениот медијален приход се дефинира така што вкупната расположливост на приход на домаќинството се дели со неговата „еквивалентна големина“ за да се земе предвид за големината и составот на домаќинството и се припишува на секој член на семејството (вклучувајќи ги и децата). На пример изменетата скала на еквивалентност на Организацијата за економска соработка и развој доделува вредност од 1 на првиот возрасен во домаќинството, 0,5 на секој останат возрасен и 0,3 на секое дете на возраст под 14 години.

[3]/ Приходот на домаќинството се достапните пари за трошење во рамките на домаќинството земајќи предвид колку возрасни и деца се вклучени. Медијална е средната точка на бројот на приходи од најнискиот до највисокиот приход.

Мерењето на **длабочина на сиромаштијата** може да помогне во проценката за тоа колку всушност се сиромашни луѓето кои се наоѓаат под прагот на сиромаштија, што го претставува **интензитетот** на сиромаштијата.
Длабочината на сиромаштијата ја мери оддалеченоста помеѓу (медијалниот еквивалентен) приход на луѓето кои живеат под прагот на сиромаштија и вредноста на тој праг на сиромаштија во смисла на куповната моќ...

## *Времетраење на живеење во сиромаштија*

Најчесто, луѓето кои повеќе години се под линијата на „ризик од сиромаштија“ е поверојатно дека ќе бидат во поекстремна состојба отколку оние кои се во таква состојба пократок период. Според тоа, важно е да се измери и времетраењето во кое луѓето живеат во сиромаштија, т.е. **времетраењето и постојаноста** на сиромаштијата. Сепак, моментално на ниво на ЕУ, а и во многу земји, не постојат податоци кои опфаќаат повеќе последователни години и поради тоа се ограничува можноста да се одредат оние кои подолго време се наоѓаат со приход под линијата на релативната сиромаштија, а со тоа се наоѓаат и во полоша состојба. Таквите податоци би требало да станат достапни за ЕУ од 2010.

## *Сиромаштијата не се однесува само на приходот*

Мерењето исклучиво на релативната сиромаштија базирана на приходот опфаќа само еден дел од целосната слика и не дава целосен опис на комплексноста на сиромаштијата. Важно е да се измерат и останатите работи кои ја опфаќаат мултидимензионалната природа на сиромаштијата. Тие вклучуваат работи како на пример, нивото на задолженост, нивото на невработеност, степенот на слабото здравје или образовните тешкотии, бројот на лицата кои

живеат во несоодветни домаќинства и лоши животни услови и степенот до кој луѓето немаат соодветен пристап до јавните служби.
Многу мрежи на Европската мрежа за борба против сиромаштија сметаат дека треба да се направи повеќе за да се опфати различната реалност на сиромаштијата од перспектива на оние кои се засегнати од тоа, како дел од Процесот за социјална инклузија на Отворениот метод на ЕУ за координација.

## *Социјалните трансфери драстично ја намалуваат сиромаштијата*

При мерењето на сиромаштијата, интересно е да се видат нивоата на сиромаштија пред и по трансферите на приход преку системот за социјална заштита на една земја, бидејќи ова ја покажува ефикасноста на системот за прераспределба на една земја. Во земјите-членки на ЕУ, стапката на ризикот од сиромаштија може да се смета за повисока од она што реално е, доколку не би постоеле социјалните трансфери.
Во повеќето великодушни и ефикасни системи, преку социјалните трансфери стапката на сиромаштија е намалена за 50% или повеќе, додека во помалку ефикасните, стапката е намалена за само 20% или помалку.

## Мерење на лишеноста

**Показателите за лишеност** се друг важен пристап за мерење на релативната сиромаштија. Тие претставуваат обид да се движат и надвор од само монетарните показатели и подобро да се земат предвид актуелните животни стандарди кои луѓето ги уживаат. Пристапот главно вклучува идентификација на стоки или активности кои се сметаат за основни потреби во земјата во која одредено лице живее. Тоа можат да бидат работи како на пример, нова облека, а не облека купена на старо, соодветни обувки, оброк со месо или риба секој втор ден, соодветно затоплување, телевизија, да се биде во можност да се оди во бар или општествено дружење со пријатели еднаш неделно, годишен одмор итн. Во некои земји сиромаштијата се мери преку комбинирање на линиите на релативниот приход со показателите за лишеност.

## *Останати методи*

Останатите методи со кои се мери сиромаштијата вклучуваат:

- **Пристапот за стандарден буџет** со кој сиромаштијата се пресметува врз основа на трошоците за посебна кошница со стока и услуги, (т.е. опфаќа работи како што се, храна, облека, производи за лична нега, здравствени трошоци, стока и услуги за домаќинството, трошоци за образование, домување, транспорт, гориво итн.) кои од страна на експертите и воопшто од општеството се сметаат како основен животен стандард ;

- **Методот за сооднос на храна** со кој сиромашните се разликуваат од несиромашните, според тоа колку од својот приход тие трошат за основните потреби, како што се храна, облека и засолниште - начелно, истражувањата покажуваат дека луѓето со ниски приходи мора да потрошат поголем процент од своите приходи за основните потреби, не оставајќи речиси ништо за учество во општествените, рекреативните и културните активности;

- **Индексот за сиромаштија на Обединетите Нации** кој ги комбинира мерките, како што се животен век, писменост, долгорочна невработеност и релативни приходи, во една составна мерка. Прочитајте повеќе на: http://hdr.undp.org/hdr2006/statistics/indices/default.cfm

- **Извештај за напредокот на работата на Уницеф за добросостојбата на детето** кој се движи и надвор од мерењето на сиромаштија врз основа на приходот и ги комбинира показателите на материјалната добросостојба, здравството и безбедноста, образовната состојба, односите со семејството и врсниците, однесувањето и ризиците со субјективната добросостојба. Прочитајте повеќе на: www.unicef-irc.org/publications/pdf/rc7_eng.pdf/

Рамка бр. 4

НЕКОИ КЛУЧНИ ПРАШАЊА

*Користењето на еквивалентниот приход на домаќинство, се соочува со опасност од* **несоодветно прикажување на состојбата на жената или на возрасни зависни од други членови во семејството** *во рамките на домаќинството,бидејќи постојат претпоставки дека приходот е подеднакво распределен во рамките на домаќинството, т.е. дека секој член од семејството има пристап до иста сума на пари. Понискиот приход на жената вообичаено, често се крие, што е уште посериозно бидејќи тие често имаат директна одговорност за трошоците на децата или другите зависни членови од семејството. Севкупните национални и европски податоци за релативната сиромаштија мерена врз база на приходот, (линијата на ризик од сиромаштија) не идентификуваат некои клучни* **групи кои се под голем ризик** *како што се луѓето кои живеат во институции, бездомници и други тешко*
*достапни групи како што се црнците и луѓето од малцинските етнички групи и барателите на азил. Поради тоа, потребни се повеќе фокусирани истражувања за овие групи.*

*Проблемот со показателите на релативната лишеност на Европско ниво е тоа што она што се смета за* **основна потреба варира од земја во земја***, во зависност од севкупното ниво на богатство. Исто така, како што земјата станува побогата она што се смета за потреба, се менува. Останати фактори, како што се климатските или културните и општествени навики, може да направат разлика за тоа што се смета за потреба во различни земји и секако разлики во рурален и урбан регион. На пример, да се има топол капут, може да биде потреба во една земја, но во друга не. Ова го отежнува споредувањето помеѓу земјите врз основа на показателите за лишеност*

# КЛУЧНИ ФАКТИ И ТРЕНДОВИ

## Сликата за сиромаштијата во ЕУ[4]

Најновите достапни податоци (од 2007 година) покажуваат дека 16% од населението на ЕУ, што е околу 79 милиони луѓе, се наоѓаат на ризик од сиромаштија[5]. Сепак, постои голема разлика помеѓу земјите-членки: на пример, помеѓу 10% и 12% од населението се наоѓаат на ризик од сиромаштија во Република Чешка, Холандија, Словачка, Шведска, Австрија, Данска, Унгарија и Словенија, додека помеѓу 19% и 21% се наоѓаат на ризик од сиромаштија во Естонија, Литванија, Романија, Обединетото Кралство, Грција, Италија, Латвија и Шпанија.

Децата (од 0-17 години) имаат висока стапка на сиромаштија од 19%. Домаќинствата со еден родител и оние домаќинства со деца зависни од други членови од семејството, имаат најголем ризик од сиромаштија. За самохрани родители со деца кои зависат од нив, ризикот е 34%. Останати групи со старосни граници кои се наоѓаат на голем ризик, се младите луѓе (од 18-24 години) со 20% и старите лица (65+) со 19%, при што старите жени се наоѓаат во многу поголем ризик од мажите (22% во споредба со 16%). Секако, како што претходно е истакнато, овие бројки не ги вклучуваат некои од оние групи на луѓе кои се наоѓаат во најекстремни состојби, како што се некои малцински етнички групи, особено Ромите, имигрантите, недокументираните имигранти, бездомниците, лица кои живеат во институции или ги напуштаат истите итн.

Во најголемиот број земји-членки каде што сиромаштијата погодува голем дел од населението, таа станува сè потешка. Тежината на сериозноста на сиромаштијата (т.е. колку приходот на луѓето е под прагот на ризик од сиромаштија) за ЕУ како целина (2005 г.) е 22% но ова се движи од ниско ниво од 14% во Финска до високо ниво до 16% во Грција и Литванија. Невработеноста е клучен фактор за луѓето да се најдат во состојбата на ризик од сиромаштија. 42% од луѓето кои се невработени се изложени на ризик од сиромаштија споредено со 8% од оние кои работат, 17% пензионирани лица и 24% кои не работат. Од друга страна пак, доколку се земе предвид општата анализа на лицата над 16 години кои се на ризик од сиромаштија, повеќето од нив или се наоѓаат во работен однос (27%), или се пензионирани (25%) или се неактивни на поинаков начин (35%) отколку всушност невработените (14%).

---

[4]/Најновите достапни податоци им претходат на неодамнешната економска и финансиска криза и поради тоа не ги земаат предвид факторите како брз пораст на невработеност во многу земји-членки. Како важен предизвик во следниот период ќе биде одблиску набљудување на влијанието на кризата врз сиромаштијата и социјалната исклученост.

[5]/Најактуелните бројки на ЕУ за сиромаштијата може да се најдат на интернет страната на ЕВРОСТАТ: http://epp.eurostat.ec.europa.eu/ portal/page?_pageid=0,1136184,0_45572595&_dad=portal&_schema=PORTAL . Нови податоци за сиромаштијата може исто така да се најдат на интернет страната на Комисијата за годишните Заеднички извештаи за Социјална заштита и социјална инклузија и придружните документи: http://ec.europa.eu/employment_social/spsi/joint_reports_en.htm Бројките во овој објаснувач се преземени од табелите на Евростат од Јануари 2009 г.

Стапката на ризик од сиромаштија за оние кои работат во ЕУ е 8%. Сепак, иако работата е клучен пат за излез од сиромаштијата, не сите работни места се доволно платени за еден поединец да излезе од сиромаштијата.

## *Дали сиромаштијата се намалува?*

Имајќи ја предвид заложбата на ЕУ за намалување на сиромаштијата до 2010 година, многу луѓе сакаат да знаат дали сиромаштијата е намалена. Сепак, со сегашните податоци, невозможно е да се биде детален за најновите трендови во на сиромаштија. Најновите компаративни податоци на ЕУ (2007 г.) се базирани на релативно нов извор на податоци, EU SILC. Ова покажува дека процентот на луѓето на ризик од сиромаштија од 16% во 2007 г. бил ист како и во 2005 г. Поради технички причини, податоците на EU SILC не се директно споредливи со истражувањата спроведени пред 2005 година. Во секој случај, сегашните севкупни бројки за процентот на луѓето кои се наоѓаат на ризик од сиромаштија, (16%) не се многу поразлични за постарите земји-членки низ претходната деценија (17% - 1995 г.; 16% - 1997г.; 15 % - 1999 г.;15% 2001) или за ЕУ како целина (15% - 2002 г.).

Според тоа, со право може да се претпостави дека на ниво на ЕУ, , нивото на сиромаштија останало константно, иако можно е да постоеле значителни промени во некои земји, особено во составот на сиромаштијата, односно кои групи се сиромашни.

Рамка бр.5

## НЕКОИ КЛУЧНИ ПРАШАЊА И ПРОБЛЕМИ

*Реалната вредност на прагот на сиромаштија*

*Актуелните методи за мерење на сиромаштијата можат да сокријат значителни разлики во реалните нивоа на лишеност помеѓу земјите-членки, освен ако се земе предвид актуелната* **вредност** *на прагот на сиромаштија. Тоа значи, кога ќе погледнете колку пари има некој за живот и се наоѓа на линија на сиромаштија во различни земји, (на прагот на ризик од сиромаштија) разликите, особено помеѓу старите и новите земји членки, може да бидат огромни. На пример, едно лице на линија на сиромаштијата во Литванија, Латвија, Полска, зема само помеѓу 1,96666 и 2,101 евра годишно, споредено со приходи кои се движат помеѓу 12 572 и 17,929 евра во Обединетото Кралство, Ирска, Данска и Луксембург. Едно лице во Бугарија, Романија, Литванија, Латвија и Полска кое се наоѓа на ризик од сиромаштија, живее со помалку од шест евра на ден.*

# НЕЕДНАКВОСТ

## Што е тоа

За разлика од сиромаштијата, која се концентрира на состојбата на оние кои се на дното на општеството, нееднаквоста покажува на кој начин ресурсите се распределени низ целото општество.
Ова дава слика на разликите помеѓу просечниот приход и тоа што заработуваат сиромашните и богатите луѓе и истакнува колку добро различните земји-членки го прераспределуваат или делат приходот што тие го произведуваат. Податоците за нееднаквоста се важни при справувањето со сиромаштијата, бидејќи општата распределба на ресурсите во дадена земја влијае врз степенот и тежината на сиромаштијата.
Ова е особено важно кога дебатата на ниво на ЕУ генерално се фокусира на релативната сиромаштија, каде што нивоата на сиромаштија се пресметуваат во однос на просечните приходи. Вообичаено, земјите со високо ниво на нееднаквост имаат и поголема веројатност да имаат високи нивоа на сиромаштија, а оние со пониски нивоа на нееднаквост имаат поголема веројатност да имаат пониски нивоа на сиромаштија. Ова упатува на тоа дека проблемот со сиромаштијата е фундаментално поврзан со прашањето за тоа како се распределени и прераспределени ресурсите во една земја.

## Како се мери нееднаквоста

Нееднаквоста на распределбата на приходите во ЕУ најчесто се мери на два начина: Односот S80/S20 и коефициентот „Џини“. Овие две мерки може да бидат тешки за разбирање и да имаат некои основни ограничувања во однос на добивање на точна слика за нееднаквоста. ***Соодносот S80/S20*** *претставува соодност на вкупните приходи остварени од 20% од населението во една земја со највисоки примања, споредено со приходот од 20% од населението на земјата со најниски примања.* Колку е поголем овој соодност, толку е поголема нееднаквоста.
**Коефициентот „Џини“** е начин на мерење на нееднаквоста на распределбата на приходите во една земја. Тој ја зема предвид целосната распределба на приходите, додека соодносот S80/S20 го разгледува единствено врвот и дното помеѓу приходите. Тоа е техничка формула која ги идентификува односите од кумулативното учество на населението согласно нивото на примања, со кумулативната поделба на вкупната сума која тие ја добиваат.
Доколку постои совршена еднаквост (т.е. доколку секој би добивал исти примања), овој коефициент би бил еднаков на 0%. Доколку целиот национален приход би бил во рацете на само едно лице, тогаш коефициентот би бил еднаков на 100%. Колку е повисок коефициентот – толку е поголема нееднаквоста при распределбата на примањата во една земја. За техничките аспекти на коефициентот „Џини“, прочитајте повеќе на „Википедија„ на: http://en.wikipedia.org/wiki/Gini_coefficient .

Рамка бр.6

НЕКОИ КЛУЧНИ ПРАШАЊА

**Сиромаштијата и богатството треба да се проучуваат заедно**

*Во Европската унија нееднаквоста се проучува преку согледување на распределбата на приходи. Сепак ова претставува само еден дел од сликата. Друг клучен елемент во нееднаквоста е проучувањето на богатството: од каде доаѓа, кој го поседува и начинот на кој општеството го распределува. Друга важна област е степенот до кој луѓето поседуваат капитал и средства од еден или друг вид - на пример, имот, акции и инвестиции. Сепак, постои недостаток од компаративни податоци низ Европа за поседување на капитал и средства. За жал, зависноста од распределбата на примањата дава само делумна слика и може да води до значително потценување на нееднаквоста во некои земји-членки (в. Европска мрежа за борба против сиромаштија - Објаснувач за богатство).*

## Клучни факти и трендови

Постои значителна различност во рамките на ЕУ во степенот на нееднаквоста на приходите, мерена според соодносот од поделбата на примањата од високите 20% до ниските 20%. Соодносот на ЕУ 25 како целина е 4.8 (2007 г.) но тој варира од 3.3. до 6.53. Словенија, Шведска, Бугарија, Република Чешка, Словачка, Данска, Финска и Унгарија го имаат најниското рангирање на нееднаквоста, помеѓу 3.3. и 3.7 додека, највисоката нееднаквост постои во Естонија, Италија, Обединетото Кралство, Литванија, Латвија, Грција и Португалија, рангирана од 5.5 до 6.53. Севкупната нееднаквост значително се зголеми од 2000 година кога соодносот на ЕУ изнесуваше 4.5. Коефициентот „Џини„ покажува сличен модел на рангирање со соодносот S80/S20. Севкупните бројки на ЕУ (2007 г.) се 30, зголемени од 29 во 2000 година. Најниската нееднаквост постои во Словенија, Шведска, Словачка, Република Чешка и Данска (од 23 до 25), а највисоката постои во Обединетото Кралство, Литванија Грција, Латвија и Португалија, Грција, Обединетото Кралство (од 33 до 37).

# ПРИЧИНИ ЗА СИРОМАШТИЈА И НЕЕДНАКВОСТ

Некои луѓе сметаат дека во богат регион како што е Европската унија, никој не може да биде сиромашен или доколку има сиромашни, тоа мора да е резултат на лични пропусти.

Сепак, тоа не е така. **Општата постојаност на високото ниво на сиромаштија во ЕУ, наведува дека сиромаштијата, првенствено претставува последица од начинот на кој општеството е организирано и начинот на кој се распределени ресурсите,** било да се тие финансиски или други ресурси, како што се пристап до домување, здравствени и социјални услуги образование и други економски, општествени и културни услуги.

Навистина, самиот факт дека постојат различни нивоа на сиромаштија во различни земји-членки, јасно покажува дека различните пристапи за распределба на

ресурси и можности, водат до различни резултати.

**Најмалку нееднаквите општества во Европа, имаат тенденција да имаат најниски нивоа на сиромаштија.** Ова е така, првенствено бидејќи Владите избираат да даваат приоритет за гарантирање на соодветни нивоа на минимум примања и за гарантирање добар пристап до услугите, преку системот за социјална заштита и преку гарантирање на нивоата за минимална плата. Тие најчесто се најефикасни при прераспределбата на богатството преку даночниот и други системи. Ова значи дека одлуките за тоа како да се искорене сиромаштијата, на крај, се политички избори за видот на општеството кое го сакаме.

## Клучни фактори

Што се однесува до поединците, некои клучни фактори се разгледуваат како фактори кои одредено лице го ставаат „на ризик“ од живеење во сиромаштија, како на пример:

- **невработеност или работа со слаб квалитет (т.е. лошо платена или несигурна работа)** што го ограничува пристапот до пристоен приход и ги лишува луѓето од социјалните мрежи;

- **ниски нивоа на образование и вештини -** бидејќи тоа ја ограничува можноста на луѓето за пристап кон пристојна работа за личен развој и а целосно учество во општеството;

- **бројот и видот на семејството -** т.е. големи семејства и семејства со еден родител, се со тенденција да бидат под поголем ризик од сиромаштија бидејќи тие имаат поголеми трошоци, пониски примања и се соочуваат со повеќе тешкотии во добивање на добро платена работа;

- **род** – жените вообичаено се на повисок ризик од сиромаштија отколку мажите, бидејќи тие имаат помала можност да имаат добро платена работа, постои тенденција да имаат пониски пензии, повеќе се изложени во извршување на неплатени обврски а кога се во работен однос, често се послабо платени;

- **хендикеп или лошо здравје -** бидејќи ова ја ограничува можноста да пристапат кон вработување и исто така води кон зголемување на секојдневните трошоци;

- **член во малцински етнички групи** како што се ромите и и**мигрантите/неевидентираните имиганти -** бидејќи тие страдаат особено од дискриминација и расизам и поради тоа имаат помали можности да пристапат кон вработување, често се присилени да живеат во лоши физички животни средини и имаат послаб пристап до основните услуги;

- **живеење во оддалечена или заедница со многу ограничувања** каде пристапот до услуги е лош.

*Сите овие фактори создаваат дополнителни бариери и тешкотии, но тие треба да се разгледаат во рамките на севкупниот структурален контекст за тоа како одредена земја избира да го распределува богатството и на кој начин се справува со нееднаквоста.*

# КЛУЧНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

***ЕУ-СИЛЦ/SILC:*** Главниот извор за компаративни годишни податоци за нивото и составот на сиромаштија и нееднаквоста во ЕУ претставува Статистиката на ЕУ за приход и животни услови *(EU-SILC).* Ова го замени Панелот на домаќинствата на Европската комисија. Овие резултати може да се најдат на интернет страната на Евростат: http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page?_pageid=0,1136184,0_45572595&_dad=portal&_schema=PORTAL

***Евростат*** е официјалниот статистички завод на ЕУ и дополнително на EU-SILC има многу релевантни податоци кои се однесуваат на проблемите со сиромаштија и нееднаквост. Интернет страната може да се најде на: http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page?_pageid=1090,30070682,1090_33076576&_dad=portal&_schema=PORTAL. Дополнително, Евростат издава голем број на релевантни публикации како што се *Статистика во Фокус билтен,* годишната Социјална состојба во Европската унија и различни секторски публикации.

***Директоријатот за вработување, социјални работи и еднакви можности*** изработува вредни анализи на податоци и социјална исклученост како дел од процесот на ЕУ за социјална инклузија. Особено, Работните документи на персоналот на Комисијата креирани како придружни документи на годишниот Заеднички извештај за социјална заштита и социјална инклузија содржат важни анализи и придружни табели. Тие можат да се најдат на интернет страната

на Директоријатот за социјална инклузија: http://ec.europa.eu/employment_social/social_inclusion/jrep_en.htm

На оваа интернет страна исто така можат да се најдат и важни извештаи од спроведени истражувања за различните аспекти на сиромаштијата и социјалната исклученост во ЕУ. Тие содржат студии нарачани од Европската комисија http://ec.europa.eu/employment_social/social_inclusion/studies_en.htm , како и извештаи изготвени од мрежата на независни експерти за социјална инклузија што се однесуваат на Европската комисија (http://ec.europa.eu/employment_social/social_inclusion/naps_rep_en.htm).

***Европски мрежи:*** **Европската мрежа за борба против сиромаштија** изготвува редовни извештаи, брифинзи и сет на алатки за сиромаштијата и социјалната исклученост во ЕУ, кои се однесуваат на спроведените работни активности од своите национални мрежи www.eapn.eu. Дополнително на Европската мрежа за борба против сиромаштија, постојат многу клучни мрежи на организации на европско ниво кои се вклучени во борбата против сиромаштија и социјална исклученост и изготвуваат важни извештаи и информативни брифинзи за посебните аспекти на сиромаштијата и социјалната исклученост. Тие ја вклучуваат и ***AGE*** (Платформата за стари лица - www.age-platform.org);

***КАРИТАС ЕВРОПА*** (мрежа на католички организации за помош, развој и социјални услуги - www.caritas-europa.org); ***EUROCHILD*** (мрежа на организации и поединци кои работат во и низ Европа за да го подобрат животот на децата и младите - www.eurochild.org); ***FEANTSA (***Европска федерација на национални организации кои работат со бездомници - www.feantsa.org ); ***ATD QUART MONDE***.(Меѓународно движење АТД четврти свет www.atd-quartmonde.org ). Повеќе европски мрежи може да се најдат на листата за членство на Европската мрежа за борба против сиромаштија на интернет страната на Европската комисија за социјална инклузија: http://ec.europa.eu/employment_social/social_

inclusion/networks_en.htm и на интернет страната на Социјалната Платформа (Платформа за европски социјални невладини организации - www.socialplatform.org).

***Европска фондација***: Европската фондација за подобрување на животните и работните услови е тело на ЕУ кој води многу истражувања за условите за вработување и социјалните услови во земјите на ЕУ. Помеѓу своите редовни истражувања, спаѓаат и Европското истражување за квалитетот на живот, Европското истражувањето на работните услови и Европското истражување за работното време и баланс на работа и живеење. Повеќе информации и резултати од овие истражувања може да се најдат на интернет страната: www.eurofound.europa.eu/index.htm .

***ОЕЦД:*** Организацијата за економска соработка и развој дава важни компаративни статистики и извештаи за социјална заштита и прашањата кои се однесуваат на неа. Повеќе информации можат да се најдат на интернет страната: www.oecd.org/topicstatsportal/0,2647,en_2825_497118_1_1_1_1_1,00.html .

***УНИЦЕФ:*** истражувачкиот центар Иноченти во Фиренца изготвува важни извештаи за детската сиромаштија, меѓу кои и неговиот неодамнешен извештај *Преглед на состојбата на децата во богатите земји*. Повеќе информации може да се најдат на интернет страната: www.unicef.org/irc .

***УНДП:*** Програмата за развој на Обединетите нации издава годишен извештај за *Човечки развој* кој го креира Индексот на човеков развој, составен индекс на показателите за квалитет на живот и животен стандард.

За повеќе информации, посетете ја страната: http://hdr.undp.org/. Регионалната канцеларија на УНДП за Европа и на Заедницата на независни држави исто така изготвува важни статистики и извештаи за сиромаштијата во нејзиниот регион (http://europeandcis.undp.org/?menu=p_practice&FocusAreaId=1 )

***Показатели:*** на интернет страната на Показателите на подгрупата на Комитетот на ЕУ за Социјална заштита http://ec.europa.eu/employment_social/social_protection_commitee/spc_indic_en.htm#intro , можат да се најдат важни информации и резултати од дискусиите за показателите за мерење на сиромаштијата и социјалната исклученост. Друга многу детална и корисна дискусија за показатели и статистики во процесот на ЕУ за социјална инклузија може да се најде во *Европската унија и Социјална инклузија: Соочување со предизвиците* од Е.Марлиер ет ал (Политички дневен печат, 2007 г.).

Овој објаснувач е резултат на плодната соработка помеѓу Хју Фрејзер и Групата на Европската мрежа за борба против сиромаштија (ЕАПН) за преглед на социјалната инклузија. ЕАПН искрено се заблагодарува на Хју Фрејзер за неговата експертиза, трпение и макотрпна работа. За повеќе информации на активностите на ЕАПН, контактирајте го Шин Џонс, политички координатор на ЕАПН на: sian.jones@eapn.eu и посетете ја страната на ЕАПН: www.eapn.eu, изработена од работната група гореспоменатата мрежа за социјална инклузија во соработка со Хју Фрејзер